СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр 09-1337/2
24.12.2020 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 40 став 1 од Законот за Урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/2020), а согласно член 20 од Статутот на општина Кратово(Службен Гласник на општина Кратово бр.6/06), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 24.12.2020 година донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА КРАТОВО ЗА 2021 ГОДИНА

## I. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Годишната програма за изработка на урбанистички планови преставува своевидна рамка на приоритетите во областа на урбаното живеење, а пред се таа е произлезена од потребите на локалната заедница како и стратегијата за развој на Општина Кратово.

Навременото донесување на планска документација за потребите на урбаното и руралното подрачје е неопходно и приоритетно во развојниот процесс на општината Кратово.

Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата.

Согледувајќи ги потребите на правните и физички лица и насоките за локалниот економски развој на општината, а со цел овозможување на инвестициона градба на повеќенаменски комплекси изготвена е Годишна програма за изработка на урбанистички планови на општина Кратово за 2021 година.

**Цели на Програмата се:**

Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови и тоа:

-рамномерен просторен развој;

-рационално уредување и користење на просторот;

-создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните;

-надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;

-одржлив просторен развој;

-сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата;

-справување со климатските промени;

-сочувување и заштита на недвижното културно наследство и

-безбедност од природни и технолошки катастрофи и хавари

Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:

-интегрален пристап во планирањето;

-грижа и развој на регионалните особености;

-остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот процес;

-јавност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;

-инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;

-хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето и

-укажување на научно и стручно утврдените факти и стандарди

Годишната програма опфаќа изработка на урбанистички планови и тоа Генерален урбанистички план (ГУП), Детален урбанистички план (ДУП), Урбанистички план за село (УПС), Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ).

Урбанististичките планови, Генерален урбанистички план (ГУП), Детален урбанистички план (ДУП), Урбанистички план за село (УПС), Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ) се изработуваат врз основа на Планска програма со која се утврдуваат границите и содржината на планскиот опфат а согласно законот за Урбанистичко планирање.

**А.Изработка на Генерален урбанистички план (ГУП)**

**1.**Изработка на Генерален урбанисти;ки план (ГУП) на град Кратово

Имајки го во предвид истечениот рок на Генералниот урбанистички план на град Кратово, како и произлезените растечки потреби во доменот на производни и непроизводни функции,спорт и рекреација,комунална инфраструктура,јавни дејности и заштита на животната средина, се наметна потребата од ревизија односно изработка на нов Генерален урбанистички план на град Кратово. Постапката за изработка на нов Генерален урбанистички план на град Кратово е отпочната од страна на Агенцијата за планирање на просторот Скопје.

**Б.Изработка на Детален урбанистички план (ДУП)**

**1.**Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 2, дел од Урбан блок 4-А, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**2.** Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 2, дел од Урбан блок 5-А, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**3.** Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 2, дел од Урбан блок 6-А, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**4.**Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 2, дел од Урбан блок 7-А, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**5.**Изработка на Детален урбанистички план, за дел од Урбана единица 2, дел од Урбан блок 8-Б, за КО Кратово со намена согласно ГУП

**6.**Изработка на Детален урбанистички план, за дел од Урбана единица 2, дел од Урбан блок 8-В, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**7.**Изработка на Детален урбанистички план, за дел од Урбана единица 2 дел од Урбан блок 9-А, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**8.**Изработка на Детален урбанистички план, за дел од Урбана единица 2 дел од Урбан блок 9-Б, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**9.**Изработка на Детален урбанистички план, за дел од Урбана единица 2 дел од Урбан блок 9-В, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**10.** Изработка на Детален урбанистички план, за дел од Урбана единица 2 дел од Урбан блок 10-А, за КО Кратово со намена согласно ГУП.

**11.**Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 2, дел од Урбан блок 6, 7, 8 и 9, *Старото градско јадро со контактна зона на Кратово културно наследство од особено значење* со намена согласно ГУП.

**12**.Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 2, дел од Блок 4 и Блок 7, плански опфат помеѓу улиците *Гоце Делчев*, ул*Михајло Апостолски* и граница на намена-Општина Кратово.

**13**.Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 2, дел од блок 6, опфат помеѓу *Нов мост*, ул*Свети Ѓорѓи Кратовски*, граница на наменска зона, к.п.985 и Кратовска река.

**14**.Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 1, дел од блок 1, плански опфат помеѓу улиците: ул**Новопланирана 1*, ул*Новопланирана 2*, к.п.1508/2 и к.п.1507 (граница на намена), ул*Вера Јоциќ*-Општина Кратово.

**15.**Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 5 и Урбан блок 7-Кратово, плански опфат помеѓу улиците *Гоце Делчев*, *Нов мост*, *Кратовска река* и к.п.903/2, КО Кратово.

**16.**Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Урбана единица 1, дел од Урбан блок 3, к.п.бр.3689; 3690; 3691; 3922/13 и 3935/2, со намена спорт и рекреација.

**1.**Изработка на Урбанистички план за село Нежилово

**2.**Изработка на Урбанистички план за село Шопско Рударе

**3.**Изработка на Урбанистички план за село Вакуф

**4.**Изработка на Урбанистички план за село Железница

**5.**Изработка на Урбанистички план за село Туралево

Во тек на изработка се Урбанистички планови за населенте места Нежилово, Шопско Рударе, Вакуф, Железница и Туралево.
Изработката на овие планови е започната преку Центарот за развој на Североисточниот плански регион со финансиски сресва од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниор развој.

**Г.Изработка на Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ)**

**1.**Изработка на Урбанистички план за вон населено место *Крилатица*, за изградба на Лесна и незагадувачка индустрија со пратечки содржини, КО Крилатица.

**2.**Изработка на Урбанистички план за вон населено место со намена Е2-комунална супраструктура, станица за технички преглед на дел од к.п.3861/1 и дел од к.п.3861/5, м.в. *Габреш*, КО Шлегово, Општина Кратово.

**3.**Изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на комплекс со основна намена Б-3 Големи угостителски единици, на к.п.2877, м.в.*Чатал базинци* КО Страцин, Општина Кратово.

**4.**Изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура, фотоволтаична централа со капацитет до 1MW, на к.п.769/1, м.в.*Деловка* КО Туралево, Општина Кратово.

**5.**Изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. *Сна*, КО Страцин, Општина Кратово.

**6.**Изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на објект со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW, на к.п.4827, м.в. *Средни рид*, КО Страцин, Општина Кратово.

## II. Финансирање и изработка на урбанистички планови

Урбанистичката планска документација предвидена во оваа програма ќе биде изработена согласно Законот за Урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Изработката на урбанистичките планови од Програмата ќе биде финансирана од расположливите средства од Буџетот на општина Кратово согласно член 40 став 3 од Законот за Урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/2020), средства обезбедени од надоместок за бесправно изградени објекти, средства од Владини институции како и средства од други донатори.

Согласно член 40 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/2020) изработката на плановите од Програмата можат да ја финансираат и заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општина Кратово.

Финансирањето на изработката на урбанистичките планови од страна на заинтересирани физички и правни лица се врши со постапката за поднесување на иницијатива при што кон иницијативата подносителот приложува и изјава за подготвеност за финансирање на изработката на урбанистичкиот план и за износот на срествата за таа намена.

Урбанистичката планска документација предвидена во програмата ќе биде реализирана во зависност од предвидените сретства во буџетот на општината и добиените финансиски сретства од надворешни извори.

Годишната Програма за изработка на урбанистички планови на општина Кратово за 2021 година може да се менува и дополнува во текот на годината до колку има одредени оправдани барања за тоа.

| р.бр | активност | буџет | самофинансирање | друго | се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на ГУП со ревизија | / | / | Влада на Р.М. | / |
| 2. | Изработка на ДУП со ревизија | 1.500.000,00 | / | / | 1.500.000,00 |
| | Изработка на ДУП за УЕ 2, УБ 4 и 7 п=0,4ха | / | правно лице | / | / |
| | Изработка на ДУП за УЕ 2, УБ 6 п=0,85ха | / | физичко лице | / | / |
| | Изработка на ДУП за УЕ 1, УБ 1 п=0,68ха | / | физичко лице | / | / |
| | Изработка на ДУП за УЕ 2, УБ 5 и 7 п=0,6ха | / | физичко лице | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Изработка на урбанистички план вон населено место *Крилатица*. | **300.000,00** | / | / | **300.000,00** |
| | Изработка на Урбанистички план за вон населено место со намена Е2-комунална супраструктура, станица за технички преглед на дел од к.п.3861/1 и дел од к.п.3861/5, м.в. *Габреш*, КОШлегово, Општина Кратово | / | правно лице | / | / |
| | Изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на на комплекс со основна намена Б-3 Големи угостителски единици, на к.п.2877, м.в.*Чатал базинци* КОСтрацин, Општина Кратово | / | физичко лице | / | / |
| | Изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура, фотоволтаична централа со капацитет до 1MW, на к.п.769/1, м.в.*Деловка* КО Туралево, Општина Кратово | / | Физичко лице | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. *Сна*, КО Страцин, Општина Кратово. | / | донација | / | / |
| 4 | Изработка на урбанистички план за село<br>УПС Нежилово<br>УПС Ш.Рударе<br>УПС Вакуф<br>УПС Железница<br>УПС Туралево | / | / | сипр | / |
| | вкупно | **1.800.000,00** | | | **1.800.000,00** |

Бр.09 - 1337/2
24.12.2020 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Слободан Постолов